РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП 1 бр. 14-2728
10 -11- 2016 година
СКОПЈЕ

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“-БИТОЛА
Примено: 05.12.2016
Орг. ед. | Број | Прилог | Вредност
08-1782/1

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), министерството за образование и наука донесе

Факултет за информатички и комуникациски технологии
Примено: 21.11.2016
Организ. един. | Број | Прилог | Вредност
01-804/1

## РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиската програма Информатички науки и комуникациско инженерство од трет циклус тригодишни студии на Факултетот за информатички и комуникациски технологии при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма Информатички науки и комуникациско инженерство од трет циклус тригодишни студии на Факултетот за информатички и комуникациски технологии при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

### Образложение

По добиеното, од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, Решение бр. 17-16/13 од 18.10.2016 година за акредитација на студиска програма Информатички науки и комуникациско инженерство од трет циклус тригодишни студии на Факултетот за информатички и комуникациски технологии при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, се обрати со барање 08-1546/2 од 28.10.2016 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП 1 број 14-2728 од 31.10.2016 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма Информатички науки и комуникациско инженерство од трет циклус тригодишни студии на Факултетот за информатички и комуникациски технологии при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола.

Министерот за образование и наука, со решение УП 1 бр. 14-278 од 03.11.2016 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 04.11.2016 година, изврши увид и изготви Извештај УП 1 бр. 14-2728 од 07.11.2016 година, каде е наведено дека за студиската програма Информатички науки и комуникациско инженерство од трет циклус тригодишни студии на Факултетот за информатички и комуникациски технологии при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Pishtar Lutfiu

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА СКОПЈЕ 3

Доставено до:
-Примач
-Архива

изготвил: Биљана Зафировска
прегледал: Снежана Лузевска
одобрил: д-р Агим Рушити